- Известувањето за граничните летови треба да содржи географски точки (ВГС должина и ширина) на рутата на летот, времиња, распоред на летање, мисија, број и вид на хеликоптерите. Известувањето мора да се достави 1 час пред реализација на летот (ЕОБТ).
- Секој воздухоплов на КФОР мора да има транспондер со ССР"Ц" код и истиот мора да се одржува во функционална состојба во "Ц"/"АЛТ" мод во секој момент од летот во пограничната зона 3НМ (5км) на косовската страна.
- Во случај за време на летовите да се користи опрема за надзор или извидување, забрането е истата да се насочи кон Македонската територија.

АНЕКС Б

ВФР КОРИДОРИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ВОЗДУШЕН ПРОСТОР

ИМЕ	"NORTHEAST" КОРИДОР			
ШИРИНА	2 NM			
	HELPT	UTM34T	WGS84	ОПИС
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	MK 08	EM 536 455	21 38 50E 11 57 35N	
	MK 09	EM 683 666	21 47 29E 42 08 56N	
	MK 10	EM 464 770	21 33 46E 42 14 38N	ТОЧКА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ (преминување на граница)

ИМЕ	"NORTH" КОРИДОР			
ШИРИНА	2 NM			
ВИСИНА	GND-1000 FT AGL			
	HELPT	UTM34T	WGS84	ОПИС
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	MK 01	EM 285 658	21 18 32E 42 08 39N	ТОЧКА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ
	MK 02	EM 293 580	21 21 17E 42 04 28N	
	MK 03	EM 281 534	21 20 24E 42 01 56N	
	MK 04	EM 264 480	21 19 09E 41 59 01N	

ИМЕ	"CUTTER" КОРИДОР			
ШИРИНА	3 NM			
ВИСИНА	GND-3000 FT AGL			
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	HELPT	UTM34T	WGS84	ОПИС
	MK 11	EM 069 500	21 05 01E 42 00 08N	
	MK 12	EM 971 519	20 57 55E 42 01 10N	
	MK 13	EM 937 560	20 54 44E 42 03 22N	
	MK 14	EM 874 565	20 50 53E 42 03 38N	
	MK 15	EM 857 596	20 50 22E 42 05 20N	ТОЧКА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

ИМЕ	"WHISKEY" КОРИДОР			
ШИРИНА	3 NM			
ВИСИНА	GND-1000 FT AGL			
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	HELPT	UTM34T	WGS84	ОПИС
	W.POINT	EM 454 415	21 32 53E 41 55 28N	
	MK 05	EM 307 413	21 22 14E 41 55 24N	
	MK 04	EM 264 480	21 19 09E 41 59 01N	
	MK 11	EM 069 500	21 05 01E 42 00 08N	

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

ИМЕ	"MAKED" VFR КОРИДОР			
ШИРИНА	2 NM			
ВИСИНА	GND – 2000 FT AGL			
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	HELPT	UTM34T	WGS84	ОПИС
	MK 18	EM 581 386	21 42 02E 41 53 51N	
	MK 19	EM 638 348	21 46 04E 41 46 20N	
	MK 30	EM 734 118	21 52 55E 41 39 19N	
	MK 31	EM 738 033	21 53 05E 41 34 40N	
	MK 32	EL 926 945	22 06 35E 41 39 48N	
	MK 33	FL 055 848	22 15 45E 41 24 28N	
	MK 34	FL 177 817	22 24 37E 41 22 43N	
	MAKED	FL 273 528	22 31 00E 41 07 00N	ТОЧКА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

ИМЕ	"BAD WEATHER" КОРИДОР			
ШИРИНА	1 NM			
ВИСИНА	GND – 3000 FT AGL			
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	HELPT	UTM34T	WGS84	ОПИС
	MK 01	EM 255 658	21 18 32E 42 08 39N	ТОЧКА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ
	MK 02	EM 293 580	21 21 17E 42 04 25N	
	MK 07	EM 444 540	21 32 13E 42 02 13N	
	MK 06	EM 464 450	21 33 37E 41 57 21N	

ИМЕ	**"VELBA" КОРИДОР**			
ШИРИНА	**1 NM**			
ВИСИНА	**GND-2000 FT AGL**			
ЦЕНТРАЛНА ЛИНИЈА	**HELPT**	**UTM34T**	**WGS84**	**ОПИС**
	MK 40	**EM 6099 4768**	**21 44 10E 41 58 43N**	
	MK 41	**EM 8120 3316**	**21 58 41E 41 50 46N**	
	MK 42	**FM 1613 3749**	**22 23 15E 41 52 52N**	
	MK 43	**FM 3463 5081**	**22 37 41E 41 59 52N**	
	VELBA	**FM 5606 4779**	**22 53 00E 41 58 00N**	**ТОЧКА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

АНЕКС Б

Лица за контакт

АСОЦ - БВНЈ – Дежурен оператор:

Tel: ++389 2 2565 401
Fax: ++389 2 2561 391
e-mail: mkasoc@morm.gov.mk

Македонски давател на услуги за воздухопловна навигација (М-НАВ):

– Центар за дозволи на лет и канцеларија за наплата
Tel: ++389 3148 157
Fax: ++389 3148 263
E-mail:

– Канцеларија за известување на службите за воздушен сообраќај, Скопје КЛ
Tel: ++389 3148 153
Fax: ++389 3112 026
E-mail: aro@mnavigation.mk

KFOR HQ J3 AIR DESK OFFICER
MBJ3AIRDESK@hq.kfor.nato.int
KPN 2710
MOB. +377 (0)44 501 039
TEL. +381 (0)3850 3603 2710

АНЕКС Ѓ

МАПИ ЗА ЛЕТАЊЕ

МАПИ (ВКЛУЧИТЕЛНО СО ДЕТАЛНО ИЗРАБОТЕНИ КОРИДОРИ): ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ ОД СТРАНА НА М-НАВ и КЛ СПОРЕД АНЕКС Б.

АНЕКС Д

ПОЗИЦИИ ЗА СЛЕТУВАЊЕ НА ХЕЛИКОПТЕРИ ВО МАКЕДОНИЈА

Позиции за слетување на хеликоптери (ХЛС) се:

1. Аеродром Александар Велики – за сите летови на КФОР
2. касарна „ИЛИНДЕН“ – воена област во Скопје – само за КФОР МЕДЕВАЦ летови
3. Воен стадион во градски парк Скопје - само за КФОР МЕДЕВАЦ летови

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 3

Министерството за одбрана се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Договорот од членот 1 на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR RATIFIKIMIN E MARRËVESHJES NDËRMJET QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE FORCAVE TË NATO-S NË KOSOVË (KFOR) PËR OPERACIONE ME HELIKOPTERË - EVAKUIM MJEKËSOR

Neni 1

Ratifikohet Marrëveshja ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe Forcave të NATO-s në Kosovë (KFOR) PËR OPERACIONE ME HELIKOPTERË - EVAKUIM MJEKËSOR, e lidhur nëpërmjet shkëmbimit të letrave në Prishtinë më 30 janar 2013 dhe në Shkup më 5 shkurt 2013.

Neni 2

Marrëveshja në origjinal në gjuhën angleze dhe në përkthim në gjuhën maqedonase, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Mbrojtjes caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Marrëveshjes nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

15.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ОСНОВАЊЕ И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА КУЛТУРНИТЕ ЦЕНТРИ

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за основање и условите за работа на културните центри,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 мај 2013 година.

Бр. 07 – 1952/1
13 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ОСНОВАЊЕ И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА КУЛТУРНИТЕ ЦЕНТРИ

Член 1

Се ратификува Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за основање и условите за работа на културните центри, склучена во Москва на 29 јануари 2013 година.

Член 2

Спогодбата во оригинал на македонски и на руски јазик гласи:

СПОГОДБА

меѓу

Владата на Република Македонија

и

Владата на Руската Федерација

за основање и условите за работа на културните центри

Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација, во натамошниот текст – Страните,

- земајќи го предвид интересот на народите на Република Македонија и Руската Федерација за взаемно информирање за културните вредности, зачувување, взаемно збогатување и развој на традиционалните врски кои постојат меѓу нив,

- придавајќи му големо значење на подобрувањето на информираноста на јавноста за развој на политичките, економските, културните, научните и на образовните текови во Република Македонија и во Руската Федерација,

- со желба да дадат придонес за унапредување на билатералните културни, научно-технички и информативни релации во духот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на културата, образованието и науката, од 26 јули 1995 година,

се договорија за следново:

Член 1

Македонската страна основа Македонски културно-информативен центар во Москва и Руската страна основа Руски центар за наука и култура во Скопје, во натамошниот текст – Центри.

Страните, врз основа на меѓусебен договор, можат да формираат центри и во други градови на државата домаќин, во согласност со нејзиното законодавство.

Работата на Центрите се одвива врз основа на нормите на меѓународното право, одредбите на оваа Спогодба и во согласност со законодавството на државата домаќин.

Член 2

Македонскиот културно-информативен центар во Москва, својата дејност ја врши под општо раководство на шефот на дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во Руската Федерација.

Рускиот центар за наука и култура во Скопје својата дејност ја врши под општо раководство на шефот на дипломатското претставништво на Руската Федерација во Република Македонија. Функционирањето на Рускиот центар за наука и култура во Скопје го обезбедува Федералната агенција за Заедницата на Независни Држави, сонародници во странство и меѓународна хуманитарна соработка.

Член 3

Во функција на вршењето на својата дејност, Центрите можат да воспоставуваат директна комуникација со министерствата, со други државни институции и органи, непрофитни организации, органи на локалната самоуправа, како и со државјани на државата домаќин.

Центрите можат да одржуваат манифестации и надвор од своите простории, во согласност со законодавството на државата домаќин.

Член 4

Центрите можат да уживаат права на правно лице, во согласност со законодавството на државата домаќин.

Член 5

Основни активности на Центрите се:

- учество во реализација на програмите за билатерална културна, научно-техничка и информативна соработка;

- учество во спроведување на политиката на својата држава која на нејзините државјани во странство им обезбедува социјално-културни, образовни и други законски права и интереси, ги поддржува во нивното натамошно здружување зачувување на мајчиниот јазик и национално-културниот идентитет и ги унапредува сестраните врски меѓу организации од двете држави и меѓу нивните државјани и здруженијата во странство;

- запознавање на јавноста на државата на престојот со историјата и културата на својата држава, внатрешната и надворешната политика, како и со настаните што се случуваат во нејзиниот општествен и економски живот;

- помагање во воспоставувањето на контакти и јакнење на соработката меѓу уметнички, културно-образовни и научно-технички организации од двете држави;

- поттикнување на учењето на јазиците на народите на двете држави;

- користење на информациските можности на Центрите при создавањето поволни услови за проширување на научно-техничката и културната соработка меѓу двете држави;

- помагање при воспоставувањето и развојот на партнерство меѓу градови и региони на Република Македонија и на Руската Федерација ;

- организирање на информативно-рекламна дејност во областа на културата, науката и техниката.

Член 6

Центрите, согласно своите активности можат да :

- формираат информативни бази на податоци за прашањата поврзани со културниот, научно-техничкиот, општествено-политичкиот и економскиот развој на своите држави, одржуваат конференции, симпозиуми, семинари и консултации за меѓународна културна, научно-техничка и информативна соработка

- даваат информативни и консултативни услуги на заинтересирани организации и граѓани на државата на престојот околу воспоставување контакти со уметнички, културно-образовни и научно–технички организации од своите држави;

- спроведуваат културно-просветна и информативна дејност за своите државјани кои живеат во државата домаќин и одржуваат контакти со нивните здруженија;

- поддржуваат и организираат настапи на уметнички ансамбли и на одделни изведувачи, телевизиски и филмски ревии;

- поддржуваат и организираат изложби на уметнички дела, фотографии, народни ракотворби, изложби на книги и други изложби;

- формираат јавни совети и клубови во различни насоки на својата дејност, во кои се вклучуваат реномирани претставници на локалната и бизнис заедница, истакнати научни и културни дејци, како и претставници на странски претставништва и организации од двете држави и медиумите;

- организираат курсеви за изучување на јазиците и културите на народите на своите држави и даваат методолошка помош на професорите по јазик и литература во образовните и научните установи во државата домаќин;

- помагаат при изборот на државјани на државата на престојот кои ќе бидат упатени на школување и стажирање во другата држава;

- укажуваат помош за функционирање на здруженија и клубови на дипломци на образовни установи од својата држава во државата на престојот и придонесуваат за одржување на релациите на таквите асоцијации и клубови со соодветните образовни установи;

- обезбедуваат библиотекарски и други информативни услуги за организации и за граѓани на државата на престојот;

- соработуваат со невладини организации, здруженија и друштва за пријателство, со образовни, културни и научни институции на државата на престојот, како и со културно-информативни центри на трети земји;

- реализираат и други активности кои се во согласност со целите на оваа Спогодба и со законодавството на државата домаќин.

Член 7

Страните овозможуваат непречен пристап на јавноста до манифестациите организирани од страна на Центрите.

Страните преземаат потребни мерки за безбедност на просториите на Центрите, на персоналот во Центрите, како и на манифестациите што ги организираат.

Член 8

Дејноста на културните центри нема за цел добивање профит. Меѓутоа, заради покривање на дел од трошоците за нивното одржување и функционирање, тие можат:

- да наплаќаат влезници за манифестациите што ги организираат, школарина за посетување на јазични курсеви, како и други видови на својата дејност,
- да продаваат периодични изданија, каталози, плакати, програми, книги, слики и репродукции, аудиовизуелни и дидактички материјали независно од типот на носителот на информацијата, како и други предмети кои се директно поврзани со манифестациите што ги организираат, под услов тоа да не биде спротивно на трговските правила, на даночното и друго законодавство на државата на престојот како и да не ги нарушува правата на носителите на интелектуалната сопственост.

Центрите исто така можат да имаат во своите простории продавници за книги и сувенири, кафулиња и кафетерии за гостите,;

Член 9

Страните, врз основа на реципроцитет, си помагаат за обезбедување на соодветно земјиште, како и за наем, купување или изградба на згради (простории) за Центрите во согласност со законодавството на државата домаќин.

Работите околу проектирањето, изградбата и опремувањето на зградите (просториите) на Центрите, по добивањето на дозволата за нивно градење, односно опремување, ќе ги извршува Страната што

испраќа, во согласност со урбанистичките норми на државата домаќин. Притоа, Страната што испраќа има право самостојно да избира изведувачи за извршување на соодветните работи.

Член 10

Режимот на оданочувањето за Центрите и за персоналот на Центрите се определува во согласност со законодавството на државата домаќин и одредбите на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската

Федерација за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, од 21 октомври 1997 година.

Член 11

Секоја Страна ги назначува лицата што го сочинуваат персоналот на својот Центар. Лицата што го сочинуваат персоналот може да бидат државјани на државата која испраќа, на државата на престојот или на трета држава. Државјани на трета држава се назначуваат за членови на персоналот на Центрите со согласност на државата на престојот.

Директорите на Центрите и нивните заменици треба да бидат државјани на државата која испраќа и може да имаат дипломатски статус.

Бројноста на персоналот на Центрите се одредува со взаемна согласност на Страните.

Страните меѓусебно се информираат за назначувањето на лицата што го сочинуваат персоналот на Центарот и датумите на почеток и престанок на нивната работа во Центарот.

Член 12

Лицата што го сочинуваат персоналот на Центрите и членовите на нивните семејства кои се државјани на државата која испраќа и кои немаат постојан престој во државата домаќин, потпаѓаат под законодавството за работни односи на државата која испраќа.

Останатите лица кои го сочинуваат персоналот потпаѓаат под законодавството за работни односи на државата домаќин.

Член 13

Секоја од Страните, врз основа на принципот на реципроцитет и во согласност со законодавството на својата држава ги ослободува Центрите од плаќање на царините за привремено увезени предмети со обврска за повратен извоз под услов овие предмети да се неопходни на Центрите за остварување на нивната дејност во согласност со оваа Спогодба.

Предметите, привремено увезени од страна на Центрите, можат да бидат отуѓени на територијата на државата домаќин единствено под услов да бидат

платени цариниte и исполнети другите барања предвидени со законодавството на државата домаќин.

Член 14

Секоја од Страните, во согласност со законодавството на својата држава, на лицата што го сочинуваат персоналот на Центрите на државата која испраќа и на членовите на нивните семејства кои живеат заедно со нив, за целиот период на нивната работа во Центарот им одобрува привремено да увезат предмети, наменети за лични и семејни потреби, со ослободување од плаќање на царина.

Предметите кои се наведени во овој член можат да бидат отуѓени на територијата на државата на престојот само под услов да бидат платени царинските давачки предвидени со законодавството на државата домаќин, а ќе се почитуваат и другите барања предвидени со царинското законодавство на државата на престојот.

Одредбите од овој член не се однесуваат на лицата што го сочинуваат персоналот на Центрите кои се граѓани на државата домаќин, или имаат постојан престој на нејзина територија.

Член 15

Секоја Страна во согласност со своето законодавство и врз основа на реципроцитет во најкраток можен рок им издава визи на лицата што го сочинуваат персоналот испратени на работа во Центарот на другата Страна, како и на членовите на нивните семејства кои живеат заедно со нив, а исто така, доколку е задолжително според законодавството на државата домаќин, им издава и дозвола за постојан престој.

Член 16

Секоја Страна, доколку е потребно помага на другата Страна за наоѓање соодветен станбен простор за лицата што го сочинуваат персоналот на Центрите.

Секоја од Страните во рамките на своите можности укажува помош на Центрите за добивање дозволи од надлежните власти во државата домаќин кои се потребни за нивното функционирање.

Член 17

Сите прашања во врска со толкувањето и со примената на оваа Спогодба, Страните ќе ги решаваат во меѓусебен дијалог.

Член 18

Оваа Спогодба влегува во сила на датумот на приемот на последното писмено известување со кое се известува за исполнување на внатрешно правните постапки потребни за нејзиното влегување во сила.

Оваа Спогодба се склучува за период од 5 години. Нејзиното важење автоматски се продолжува за секои наредни петгодишни периоди, сè додека една од Страните не ја извести другата Страна во писмена форма, најмалку шест месеци пред истекот на соодветниот период, за својата намера да го прекине важењето на оваа Спогодба.

Склучено во МОСКВА, на 29 ЈАНУАРИ 2013 година, во два примерока, од кои секој на македонски и на руски јазик, при што двата текста се подеднакво автентични.

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА ВЛАДАТА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

СОГЛАШЕНИЕ

между Правительством Республики Македонии и Правительством Российской Федерации об учреждении и условиях деятельности культурных центров

Правительство Республики Македонии и Правительство Российской Федерации, именуемые далее Сторонами,

учитывая интерес народов Республики Македонии и Российской Федерации к взаимному ознакомлению с гуманитарными и культурными ценностями, сохранению, взаимообогащению и развитию традиционных связей между ними,

придавая большое значение повышению информированности общественности о развитии политических, экономических, культурных, научных и образовательных процессов в Республике Македонии и Российской Федерации,

стремясь внести вклад в развитие двусторонних гуманитарных, культурных, научно-технических и информационных связей в духе Соглашения между Правительством Республики Македонии и Правительством Российской Федерации о сотрудничестве в области культуры, образования и науки от 26 июля 1995 г.,

согласились о нижеследующем:

Статья 1

Македонская Сторона учреждает Македонский культурно-информационный центр в г.Москве, а Российская Сторона учреждает Российский центр науки и культуры в г.Скопье, именуемые далее центрами.

Стороны на основе взаимной договоренности могут открывать центры и в других городах государства пребывания в соответствии с его законодательством.

Деятельность центров строится на основе норм международного права, положений настоящего Соглашения и в соответствии с законодательством государства пребывания.

Статья 2

Македонский культурно-информационный центр в г.Москве осуществляет свою деятельность под руководством главы дипломатическо-консульского представительства Республики Македонии в Российской Федерации.

Российский центр науки и культуры в г.Скопье осуществляет свою деятельность под общим руководством главы дипломатического представительства Российской Федерации в Республике Македонии.

Функционирование Российского центра науки и культуры в г.Скопье обеспечивается Федеральным агентством по делам Содружества Независимых Государств, соотечественников, проживающих за рубежом, и по международному гуманитарному сотрудничеству.

Статья 3

В целях осуществления своей деятельности центры могут устанавливать прямые связи с министерствами, другими государственными учреждениями и организациями, органами власти, органами местного самоуправления, общественными организациями, а также с гражданами государства пребывания.

Центры могут проводить мероприятия вне своих помещений в соответствии с законодательством государства пребывания.

Статья 4

Центры могут пользоваться правами юридического лица в соответствии с законодательством государства пребывания.

Статья 5

Основными задачами центров являются:

участие в реализации программ двустороннего гуманитарного, культурного, научно-технического и информационного сотрудничества;

участие в осуществлении политики своего государства, направленной на поддержку соотечественников за рубежом в целях обеспечения их социально-культурных, образовательных и иных законных прав и интересов, содействия их дальнейшей консолидации, сохранения родного языка, национально-культурной самобытности, развития всесторонних связей организаций двух государств Сторон с соотечественниками и их объединениями за рубежом;

ознакомление общественности государства пребывания с историей и культурой своего государства, внутренней и внешней политикой, событиями, происходящими в его общественной и экономической жизни;

содействие установлению контактов и расширению сотрудничества между культурно-просветительскими, научно-техническими организациями государств Сторон;

содействие изучению языков народов государств Сторон;

использование информационных возможностей центров в интересах создания благоприятных условий для расширения научно-технического и культурного сотрудничества двух государств Сторон;

содействие установлению и развитию партнерских отношений между городами и регионами Республики Македонии и Российской Федерации;

организация информационно-рекламной работы в области культуры, науки и техники.

Статья 6

Центры в соответствии с возложенными на них задачами:

создают информационно-справочные фонды и банки данных по вопросам культурного, научно-технического, общественно-политического и экономического развития своих государств, проводят конференции, симпозиумы, семинары, консультации по международному культурному, научно-техническому и информационному сотрудничеству;

осуществляют информационное и консультационное обслуживание заинтересованных организаций и граждан государства пребывания по вопросам

установления контактов с творческими, культурно-просветительскими и научно-техническими организациями своих государств;

проводят культурно-просветительскую и информационную работу среди соотечественников, постоянно проживающих в государстве пребывания, поддерживают связи с их объединениями;

организуют выступления художественных коллективов и отдельных исполнителей, теле- и кинопросмотры;

проводят фотовыставки, выставки художественных произведений и изделий народного творчества, книжные и другие выставки;

создают общественные советы и клубы по различным направлениям своей деятельности с привлечением к их работе представителей местной общественности, бизнес сообщества, видных деятелей науки и культуры, а также зарубежных представительств, организаций государств Сторон, средств массовой информации;

организуют курсы по изучению национальных языков и культур народов своих государств, оказывают методическую помощь преподавателям языка и литературы, работающим в местных научных учреждениях и учебных заведениях;

оказывают содействие в подборе и направлении на обучение и стажировку в свои государства граждан государства пребывания;

содействуют работе ассоциаций и клубов выпускников учебных заведений своего государства в государстве пребывания, способствуют поддержанию связей таких ассоциаций и клубов с этими учебными заведениями;

обеспечивают работу библиотек и других информационных служб в центре для организаций и граждан государства пребывания;

сотрудничают с общественными организациями, обществами дружбы, учебными заведениями, культурными и научными учреждениями государства пребывания, культурно-информационными центрами третьих стран.

Центры могут осуществлять и другие виды деятельности, отвечающие целям настоящего Соглашения, в соответствии с законодательством государства пребывания.

Статья 7

Стороны обеспечивают беспрепятственный доступ общественности на мероприятия, проводимые центрами.

Стороны принимают необходимые меры по обеспечению безопасности помещений центров, находящегося в центрах персонала и проводимых в них мероприятий.

Статья 8

Целью деятельности центров не является извлечение прибыли. В то же время для покрытия части расходов по их содержанию и функционированию они могут:

взимать плату за посещение мероприятий, которые они организуют, а также за обучение на языковых курсах и другие виды деятельности;

продавать периодические издания, каталоги, афиши, программы, книги, картины и репродукции, аудиовизуальные и дидактические материалы независимо от способа записи информации, а также другие предметы, непосредственно имеющие отношение к мероприятиям, которые они организуют, при условии, что этим не нарушаются правила торговой деятельности, налоговое и иное законодательство государства пребывания, а также права владельцев интеллектуальной собственности.

Центры могут также иметь в занимаемых ими помещениях книжные и сувенирные киоски, кафе и кафетерии для обслуживания посетителей.

Статья 9

Стороны на условиях взаимности содействуют друг другу в предоставлении подходящих земельных участков, а также в аренде, приобретении или строительстве зданий (помещений) для центров в соответствии с законодательством государства пребывания.

Работы по проектированию, строительству и обустройству зданий (помещений) центров после получения необходимых разрешений осуществляются направляющей Стороной в соответствии с правилами градостроительства государства пребывания. При этом направляющая Сторона вправе самостоятельно назначать подрядчиков для проведения соответствующих работ.

Статья 10

Режим налогообложения центров и их персонала определяется в соответствии с законодательством государства пребывания и положениями

Соглашения между Правительством Республики Македонии и Правительством Российской Федерации об избежании двойного налогообложения в отношении налогов на доходы и имущество от 21 октября 1997 г.

Статья 11

Каждая из Сторон назначает лиц, составляющих персонал своего центра. Этот персонал может состоять из числа граждан направляющего государства, государства пребывания или третьего государства. В случае назначения персонала центра из числа граждан третьего государства назначение должно быть согласовано с государством пребывания.

Директора центров и их заместители должны быть гражданами направляющего государства и могут иметь дипломатический статус.

Численность персонала центров устанавливается по взаимной договоренности Сторон.

Стороны уведомляют друг друга о комплектовании персонала центров, а также о вступлении работников в должность и о прекращении их работы в центрах.

Статья 12

На сотрудников центров и членов их семей, являющихся гражданами направляющего государства и не проживающих постоянно в государстве пребывания, распространяется трудовое законодательство направляющего государства.

На остальных сотрудников центров распространяется трудовое законодательство государства пребывания.

Статья 13

Каждая из Сторон на основе принципа взаимности в соответствии с законодательством своего государства освобождает центры от уплаты таможенных платежей в отношении товаров, временно ввозимых под обязательство об обратном вывозе, при условии, что эти товары необходимы центрам для осуществления своей деятельности в соответствии с настоящим Соглашением.

Временно ввезенные центрами товары могут быть отчуждены на территории государства пребывания только при условии уплаты таможенных платежей и выполнения иных требований, установленных законодательством государства пребывания.

Статья 14

Каждая из Сторон в соответствии с законодательством своего государства разрешает сотрудникам центра направляющего государства и проживающим с ними членам их семей в период всего срока работы в центре временный ввоз товаров, предназначенных для их личного и семейного пользования, с освобождением от уплаты таможенных платежей.

Указанные товары могут быть отчуждены на территории государства пребывания только при условии уплаты таможенных платежей, предусмотренных законодательством государства пребывания, а также соблюдения иных требований таможенного законодательства государства пребывания.

Действие настоящей статьи не распространяется на членов персонала центров, являющихся гражданами государства пребывания или лицами, постоянно проживающими на его территории.

Статья 15

Каждая из Сторон в соответствии с законодательством своего государства и на основе взаимности в возможно короткие сроки выдает визы командируемым сотрудникам центра другой Стороны и проживающим вместе с ними членам их семей, а также, если того требует законодательство государства пребывания, оформляет вид на жительство.

Статья 16

Каждая из Сторон в случае необходимости оказывает содействие другой Стороне в подборе жилых помещений для сотрудников ее центра.

Каждая из Сторон в рамках имеющихся возможностей оказывает центрам содействие в получении от местных органов власти разрешений, необходимых для их функционирования.

Статья 17

Спорные вопросы, возникающие в связи с толкованием и применением настоящего Соглашения, будут разрешаться путем переговоров.

Статья 18

Настоящее Соглашение вступает в силу с даты получения последнего письменного уведомления, подтверждающего выполнение Сторонами соответствующих внутригосударственных процедур, необходимых для его вступления в силу.

Настоящее Соглашение заключается сроком на 5 лет. Действие Соглашения будет автоматически продлеваться на последующие 5-летние периоды до тех пор, пока одна из Сторон не менее чем за 6 месяцев до истечения соответствующего периода не уведомит в письменной форме другую Сторону о своем намерении прекратить его действие.

Совершено в городе МОСКВА «29» ЯНВАРЯ 2013 года в двух экземплярах, каждый на македонском и русском языках, причем оба текста имеют одинаковую силу.

За Правительство
Республики Македонии

За Правительство
Российской Федерации

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 3

Министерството за култура се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Спогодбата од членот 1 на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ

PËR RATIFIKIMIN E MARRËVESHJES NDËRMJET QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE QEVERISË SË FEDERATËS RUSE PËR THEMELIMIN DHE KUSHTET PËR PUNË TË QENDRAVE KULTURORE

Neni 1

Ratifikohet Marrëveshja ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe Qeverisë së Federatës Ruse për themelimin dhe kushtet për punë të qendrave kulturore, e lidhur në Moskë më 29 janar 2013.

Neni 2

Marrëveshja në origjinal në gjuhën maqedonase dhe ruse, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Kulturës caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Marrëveshjes nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

16.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија во контекст на процесот на пристапување кон Европската унија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 мај 2013 година.

Бр. 07 – 1953/1
13 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н

ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Член 1

Се ратификува Спогодбата за соработка меѓу Владата на Република Мкдонија и Владата на Република Србија во контекст на процесот на пристапување кон Европската унија, склучена во Скопје на 18 февруари 2013 година.

Член 2

Спогодбата во оригинал на македонски, српски и англиски јазик гласи:

СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА

МЕЃУ

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
И
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

ВО КОНТЕКСТ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија (во понатамошниот текст наведени како 'Договорните страни'),

ПОАЃАЈЌИ од стратешката цел да се стекнат со полноправно членство во Европската унија;

СВЕСНИ за важноста на политичките, демократските, економските, правните и институционалните реформи за да се обезбеди стабилност, економски напредок и постепена интеграција на државите на Југоисточна Европа во Европската унија;

УКАЖУВАЈЌИ на важноста на поединечниот пристап кон Договорните страни во евалуацијата на нивните достигнувања во исполнувањето на Копенхагенските критериуми, како и последователните релевантни одлуки на Европскиот совет и на Советот на Европската унија;

ПОТСЕТУВАЈЌИ на Заклучоците на Претседателството на Европскиот совет од Солун и Самитот помеѓу Европската унија и земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација од јуни 2003 година;

ОХРАБРЕНИ со обновениот консензус за проширување, како што е договорено во Заклучоците на Претседателството на Европскиот совет во Брисел од декември 2006 година;

ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки, потпишана на 9 април 2001 година, а која стапи во сила на 01.04.2004 година, и Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Србија и Европските заедници и нивните земји-членки, потпишана на 29 април 2008 година;

ПОЗДРАВУВАЈЌИ ја одлуката на Европскиот совет од 16 декември 2005 година со која на Република Македонија и се додели статус на земја-кандидат и последователните препораки на Европската комисија почнувајќи од 2009 година за отворање на пристапни преговори со Република Македонија;

ИМАЈЌИ ја предвид одлуката на Европскиот совет од 1 март 2012 година со која на Република Србија и се доделува кандидатски статус;

ПОТСЕТУВАЈЌИ особено на нивните обврски преземени со Спогодбите за стабилизација и асоцијација да работат заедно за постигнување траен мир, стабилност и економски развој во регионот, и активно да промовираат регионална соработка и да склучат ваков вид на договор;

РЕШЕНИ да го унапредат понатамошниот развој на добри односи и да ја зајакнат постојната соработка во полињата на заедничките интереси, особено во економијата, трговијата, правдата и внатрешните работи, а со цел да се забрза процесот на институционалните прилагодувања за олеснување на усвојувањето на законите и праксата на Европската унија;

ПОТЕНЦИРАЈЌИ ја важноста на заложбата на Европската унија да даде придонес во развојот на државите во регионот преку разни програми, и инструменти за финансиска и техничка помош;

ИМАЈЌИ ја предвид нивната заложба за слободна трговија конзистентна со правата и обврските кои потекнуваат од Договорот за измени и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија склучен во Букурешт на 19 декември 2006 година;

СВЕСНИ за важноста на билатералната соработка во достигнување на целите на Работната програма на Советот за регионална соработка;

ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД важноста на регионалната соработка во разните сектори;

Со ЖЕЛБА да се засили редовниот политички дијалог за билатералните и мултилатералните прашања со посебен осврт на соработката која има за цел интеграција во Европските и Евро – атлантските организации;

ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД нивото на соработка засновано на досега потпишаните билатерални договори помеѓу Договорните страни,

Се договорија за следново:

Глава I
Политички дијалог

Член 1

Договорните страни со ова се согласуваат да го интензивираат нивниот политички дијалог, да ја унапредуваат и да ја зајакнат соработката меѓу Република Македонија и Република Србија во контекст на нивното пристапување кон Европската унија.

Член 2

Договорните страни се согласни политичкиот дијалог да се одвива преку одржување на годишни состаноци на Министрите за надворешни работи.

Политичкиот дијалог ќе биде посебно насочен кон унапредување на соработката по следниве прашања:

1. прашања од интерес за Договорните страни во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација,
2. прашања од заемен интерес во рамките на процесите на нивното пристапување кон Европската унија,
3. прашања кои се релевантни за имплементацијата на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија,
4. прашања кои се релевантни во борбата против тероризмот и организираниот криминал,
5. прашања кои се релевантни за мирот и стабилноста во регионот и за јакнење на регионалната соработка,
6. прашања кои се релевантни за политиките на енергетска безбедност во регионот и Европа, борбата против глобалното затоплување и климатските промени и заштитата на животната средина,
7. други прашања од заеднички интерес.

Дијалогот исто така може да се реализира преку состаноци на високи претставници на Министерствата за надворешни работи на договорните страни.

Договорните страни ќе промовираат соработка помеѓу двете Министерства за надворешни работи.

Договорните страни се отворени за политички дијалог со другите држави инволвирани во Процесот на стабилизација и асоцијација, како и со другите држави во процесот на пристапување кон Европската унија.

Член 3

Договорните страни исто така ќе го зајакнат дијалогот и соработката меѓу државните органи кои се надлежни за европската интеграција, особено

помеѓу Секретаријатот за европски прашања на Република Македонија и Канцеларијата за европската интеграција на Република Србија, вклучително и преку годишни состаноци на соодветните членови на Владите одговорни за европска интеграција.

Во рамките на овој дијалог и соработка, Договорните страни ќе се консултираат една со друга и ќе разменуваат:

1. информации за законодавните реформи и усогласувањето на националното законодавство со правото на Европската унија - праксата и промените во праксата,
2. информации за процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија,
3. информации за тековните и развојните трендови и достигнувања во процесот на приближување и пристапување кон Европската унија,
4. информации за управување со Инструментот за претпристапна програма и друга странска помош на Европската унија,
5. експерти во полиња од заеднички интерес,
6. техничка и административна помош.

Глава II
Економска и трговска соработка

Член 4

Договорните страни ќе соработуваат за да се обезбеди усогласување со сите одредби предвидени за усвојување во полето на слободната трговија и да се обезбеди усогласување на царинскиот систем, така помагајќи ја имплементацијата на Договорот за измени и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија склучен во Букурешт на 19.12.2006 година и Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузна Република Југославија за царинска соработка и заемна помош, склучен на 4. септември 1996. година во Скопје.

Соработката особено ќе ги вклучува следниве работи:

1. можната интероперабилност на Царинските ИТ системи на Република Македонија и на Република Србија, како и употребата на Единствениот царински документ (ЕЦД),
2. развој и имплементација на стандардизиран Систем на рано предупредување (СРП) за следење на движењето на осетлива стока (на пример, тутун, алкохол, нафта и нафтени деривати),
3. подобрување и симплификација на инспекциите и на формалностите кои се однесуваат на превоз на стока,

4. Интероперабилност на Централните регистри на Република Македонија и на Република Србија, со цел размена на финансиски и деловни информации за трговските друштва.
5. размена на офицери за врска за ограничен период на време, според реципрочно прифатени модалитети,
6. обука на царински работници.

Член 5

Договорните страни ќе ги разгледуваат потенцијалите за јакнење на економската соработка и истите ќе тежнеат да ги унапредуваат во следниве полиња од заеднички интерес:

1. индустријата, особено градежната и хемиската индустрија, и фармацевтската индустрија.
2. Земјоделскиот и руралниот сектор, како и прехранбената индустрија, особено во однос на заемната трговска соработка.
3. соработка за унапредување на инвестициите.
4. соработка меѓу мали и средни претпријатија, како и во други економски области.
5. соработка во енергетскиот сектор, особено помеѓу претпријатија од овој сектор, надоградба и проширување на националните мрежи за пренос на електрична енергија и на гасоводните и на нафтоводните мрежи, нивното поврзување со транс-регионалните и транс-европските мрежи, трансфер на технологија и знаење, разгледување на влијанието на производството и трошењето на енергијата во однос на животната средина, енергетската ефикасност и употребата на обновливи енергетски извори.
6. соработка во секторот на транспортот, особено во областа на меѓународниот патен и железнички превоз на патници и стоки, надоградба и проширување на постоечката патна и железничка мрежа и инфраструктура, нивното поврзување со транс-регионалните и транс-европските мрежи.
7. соработка во секторот на туризмот, со цел зголемување на бројот на туристите разменети помеѓу двете земји, преку размена на информации и знаење, инвестиции во туристичка инфраструктура, подобри транспортни поврзувања, организација на заеднички настани, и развој на заеднички програми и проекти за развој на туризмот.

Член 6

Договорните страни ќе обезбедат заштита на правата на интелектуална сопственост, вклучувајќи мерки за доделување и спроведување на такви права кои соодветствуваат на меѓународните стандарди.

За целите на оваа Спогодба, заштитата на правата на интелектуална и трговска сопственост ќе се спроведува согласно Член 37, Член 38 и Член 39

од Договорот за измени и пристапување кон Централноевропскиот Договор за слободна трговија.

Глава III
Движење на труд и капитал, формирање и давање услуги

Член 7

Во однос на движењето на трудот и капиталот, формирањето и давањето услуги, Договорните страни ќе си доделуваат една на друга еднакво ниво на концесии, во согласност со нивните посебни договори.

Движењето на труд ќе се регулира со билатерален договор, земајќи ги предвид опциите за вработување определени со ситуацијата на пазарот на трудот во секоја Договорна страна.

Работниците-мигранти кои се легално вработени на територите на Страните нема да подлежат на дискриминација на која било основа, во однос на статусот на нивното вработување, работните услови, плати или отпуштања.

Правата од социјалното осигурување кои се однесуваат на осигурување против ризици (здравствено осигурување, пензиско и инвалидско осигурување, осигурување против невработеност) ќе се регулираат со Договор за социјално осигурување меѓу Договорните страни.

Член 8

Договорните страни ќе го олеснат слободното движење на капитал и примената на правото на основање, и за таа цел ќе дадат адекватни иницијативи и заштита. Тековните плаќања помеѓу Договорните страни ќе се извршуваат според одредбите на Статутот на Меѓународниот монетарен фонд, во конвертибилна валута во согласност со вообичаената меѓународна банкарска пракса.

Член 9

Договорните страни се сложуваат да ја охрабрат заемната соработка во давањето услуги според соодветните одредби на Општата спогодба за трговија со услуги (ГАТС) и на Светската трговска организација (СТО).

Глава IV
Усогласување на законодавството со правото на ЕУ

Член 10

Имајќи го предвид процесот на нивното пристапување кон Европската унија, Договорните страни ја потенцираа важноста на усогласување на

нивните сегашни и идни закони со правото на Европската унија, и ќе соработуваат преку:

1. размена на информации за процесот на усогласување на законодавството со правото на Европската унија,
2. размена на информации за националното законодавство и законодавната пракса,
3. размена на информации за процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија,
4. организација на експертски средби, обуки, семинари и други форми на професионална обука и размена на експертизи.

Глава V
Соработка во полето на правдата и внатрешните работи

Член 11

Договорните страни се согласуваат да ја интензивираат соработката на полето на правдата и внатрешните работи, особено во поглед на политиката на азил, миграцијата, реадмисијата, трговијата со луѓе,' визниот режим со трети земји, перењето пари, корупцијата, криумчарењето, илегалната трговија со дрога и оружје, борбата против меѓународниот тероризам, судската реформа, и владеењето на правото. Во рамките на оваа соработка договорните страни взаемно ќе се консултираат и разменуваат:

1. информации за законодавството, законодавната реформа - пракса и промени во праксата;
2. информации за тековните и развојните трендови;
3. експерти во областите од заемен интерес;
4. техничка и административна помош.

Член 12

Договорните страни се согласуваат да соработуваат:

1. на полето на системите на азил, со цел унапредување на законодавните и административни стандарди во согласност со нивните други меѓународни обврски, особено од Конвенцијата за правниот статус на бегалците од 1951, нејзиниот Протокол за правен статус на бегалците од 1967 и од Европската конвенција за заштита на човековите права. Оваа соработка исто така ќе вклучи периодична размена на информации за статистиката на барателите на азил;
2. на полето на управување со миграциите, заради понатамошно постепено хармонизирање на нивната легислатива кон законодавството на Европска унија, договорните страни особено ќе разменуваат информации за реформата на законодавството и ќе одржуваат редовно ќе разменуваат информации за илегалната миграција вклучувајќи илегално вработување и транзитна миграција.

